# УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ

✓ СТУДЕНТОТ Е ДОЛЖЕН ЕЛЕКТРОНСКИ ДА СЕ ПРИЈАВИ ВО IKNOW СИСТЕМОТ **НАЈДОЦНА 5 (ПЕТ) ДЕНА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА**

⇓

**Напомена:** *Системот I-know ја затвора опцијата за електронско пријавување на испит заклучно на 4 (четири) дена пред почетокот на испитната сесија, со што нема можност студентот да го полага тој испит во предвидената сесија.*

*Студентот кој нема можност или од други причини неможе електронски да се пријави, може да побара помош од Референтот во службата за студентски прашања кој има обврска да го пријави студентот во I-know системот, но во предвидениот рок.*

**Студентот кој задоцнил со електронско пријавување на испит во предвидениот рок, може да се пријави со помош на Референтот во службата за студентски прашања најдоцна до 2 два дена пред испит, со тоа што е должен да уплати 400 денари на уплатница за задоцнето пријавување.**

✓ РЕФЕРЕНТОТ ВО СЛУЖБАТА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА, ПОДГОТВУВА ИЗВЕШТАЈ НА ПРИЈАВЕНИ СТУДЕНТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ, **ЗАКЛУЧНО СО ПОЧЕТОКОТ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА.**

✓ ПРЕДМЕТНИОТ НАСТАВНИК ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ИСПИТ, **ПОДИГНУВА ИЗВЕШТАЈ НА ПРИЈАВЕНИ СТУДЕНТИ КОИ МОЖЕ ДА ПОЛАГААТ НА ЗАКАЖАНИОТ ТЕРМИН.**

⇓

**Напомена:** *Предметниот наставник не смее да дозволи студент кој не се пријавил во системот Iknow да го полага испитот, бидејќи нема можност да се внесе оценка во системот (ниту од предметниот наставник, ниту од референтот во студентски прашања).*

✓ СЕКОЈ СТУДЕНТ **Е ДОЛЖЕН НА ДЕНОТ НА ИСПИТ ДА ДОСТАВИ ПРИЈАВА ЗА ИСПИТ И УПЛАТНИЦА/И СО УПЛАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД СЕСИЈАТА.**
**ЈАНУАРСКА за испити од зимски семестар и ЈУНСКА СЕСИЈА за испити од летен семестар БЕЗ УПЛАТА, а сите останати испитни сесии со УПЛАТА од 300 денари.**
**ВОНРЕДНА СЕСИЈА (ноемвриска или априлска сесија) СО УПЛАТНИЦА ОД 600 ДЕНАРИ.**

✓ СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПРЕДМЕТНИОТ НАСТАВНИК ИЗВЕШТАЈОТ СО ПОЛОЖЕНИ ИСПИТИ И ПРИЈАВИТЕ СО ВНЕСЕНИ ОЦЕНКИ ДА ГИ ДОСТАВИ ДО РЕФЕРЕНТОТ ВО СЛУЖБАТА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА **НАЈДОЦНА 7 ДЕНА ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕ НА ИСПИТОТ.**

**Продекан за настава**

Ред.проф.д-р Зоран Јошевски